ССМ

# МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија
Излегува еднаш месечно
Број 1, јануари 2014 година

## Одржан голем синдикален собир на репрезентативните синдикати ССМ и КСС




Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски на големиот синдикален собир

20.01.2014

Во салата на Домот на АРМ се одржа голем синдикален собир пред повеќе од 600 членови, претставници од репрезентативните синдикати ССМ и КСС и Владата на РМ предводени од Претседателот на Владата, г. Никола Груевски, заедно со Министрите во Владата на Р. Македонија.

На собирот свое обраќање имаше претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски кое што го објавуваме во целост:

- Почитуван Претседател на Владата на Р. Македонија господин Никола Груевски,
- Почитувани министри во Владата на Р.Македонија,
- Почитувани претседатели на грански синдикати во ССМ и КСС и членови во органите и телата,
- Почитувани колешки и колеги, членови на синдикатите во ССМ и КСС,

Почитувани присутни, ми причинува посебна чест од името на ССМ и КСС како репрезентативни синдикати во Р. Македонија да Ве поздравам, да Ви се заблагодарам за Вашето присуство и вашиот интерес, и посебно да му заблагодарам на претседателот на Владата на Р. Македонија и на министрите во Владата на Р. Македонија што на еден ваков транспарентен начин пред овој импозантен број на присутни членови на синдикатите, непосредно претседателот на Владата да не запознае со низа активности и мерки поврзани со нашите барања и со социјалната економска положба на вработените во Р. Македонија.

Социјалните партнери насекаде во светот, па и во нашата држава се соочени со низа историски предизвици предизвикани од светската економска, финансиска и должничка криза.



Домот на АРМ

Патиштата за соочување со последиците од кризата од држава во држава се различни. Но за разлика од многу други, во Р. Македонија, социјалните партнери, синдикатите, Владата и работодавачите наместо пат на конфронтации, одбраа пат на дијалог, наместо пат на препукувања, одбраа пат на аргументи, наместо пат на докажувања, одбраа пат на респектирање на позициите и интересите. Сето ова придонесе денес во РМ да зборуваме за нови вработувања, а не за отпуштања, за унапредување и новини во системот на плати, а не за намалување на плати, за унапредување на системот и на категоријата на пензионери, а не за зголемување на пензиски граници.

Почитувани присутни, овој социјален дијалог резултираше со унапредување во работното законодавство, со институционализирање на социјалниот дијалог на национално и на локално ниво, со донесување на нови историски закони, со ратификација на нови конвенции на МОТ и унапредување на работнички стандарди.




Претседателот на Владата на Р. Македонија, г. Никола Груевски

Предизвикот за градење на подобар живот, подобар животен и социјален стандард е историски за сите нас. Од обраќањето на претседателот на владата, најнепосредно ќе бидеме запознати со сите активности на владата на овој план. Дозволете ми пред да го поканам претседателот на владата на Р. Македонија, господинот Никола Груевски да се обрати, да ја повикам колешката В.Д. претседател на КСС, Виолетка Спасовска да земе збор и да го поздрави овој собир.

На крајот од синдикалниот собир, Претседателот на ССМ во името на ССМ и КСС се заблагодари на Владата на РМ за конкретните чекори кои беа презентирани во обраќањето, а се во насока на конкретни мерки за справување со последиците од кризата.

Беше потенцирано уште еднаш дека овој собир, особено од аспект на зголемувањето на платата е историски, а историски е и со оглед на тоа што е потврда дека вака креираниот социјален дијалог е незаменлива алатка во креирањето на социјален консензус како основа за општествен развој.

Социјалните партнери преку конкретните резултати покажаа и докажаа дека ваквото дејствување е во интерес на работниците и граѓаните на Р. Македонија.

# Средба на синдикатите од јавен сектор во Министерството за информатичко општество и администрација



Работна средба - ССМ и претставници на синдикатите од јавен сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

02.01.2014

На средбата на која присуствуваа и претседателот на синдикатот на здравство, социјална заштита и фармација Љубиша Каранфиловски и претседателот на СУТКОЗ Зоран Георгиевски, од страна на министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација, беа образложени Предлог-Законот за вработените од јавниот сектор и Предлог-Законот за административни службеници.

Од страна на синдикатите беа презентирани одредени забелешки а беше и договорено писмени забелешки од страна на синдикатите до Министерството за информатичко општество и администрација да бидат доставени заклучно со 08.01.2013 година.

На средбата иако поканети не присуствуваа претседателот синдикатот на УПОЗ Пецо Груевски и претседателот синдикатот на СРСВМ Миќо Стојановски. Од страна на синдикатот на СОБ, претседателот Ристо Ајтов, беше добиено известување со кое поради службени обврски предлозите и забелешките по однос на законите ќе бидат доставени по писмен пат. На средбата општо е констатирано дека меѓусебната размена на мислења, предлози и забелешки како и почитувањето на социјалниот дијалог и мислењата на социјалните партнери мора да бидат дел од креирањето на законската регулатива.

# Разговори помеѓу Сојузот на синдикатите на Македонија и Министерството за информатичко општество и администрација по Предлог- Законот за вработените од јавниот сектор и Предлог- Законот за административни службеници




Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски и Претседателите на синдикатите од јавниот сектор со Министерот за информатичко општество и администрација, г. Иво Ивановски

08.01.2014

Во просториите на Сојузот на синдикатите на Македонија се одржа уште една средба на синдикатите од јавниот сектор и Министерот за информатичко општество и администрација, г. Иво Ивановски, во врска со одредени забелешки за Предлог- Законот за вработените од јавниот сектор и Предлог- Законот за административни службеници. На средбата покрај Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, присуствуваа Претседателот на Македонскиот полициски синдикат, г. Тихомир Климовски, Претседателот на синдикатот на здравство, социјална заштита и фармација, г. Љубиша Каранфиловски и Претседателот на синдикатот за одбрана и безбедност, г. Ристо Ајтов. Од страна на синдикатите беа презентирани одредени забелешки, а беше договорено писмените забелешки испратени од страна на синдикатите да бидат разгледани на следниот состанок што ќе се одржи во Министерството за информатичко општество и администрација на 10-ти јануари (петок) за што Претседателот Митревски најави дека сè до донесувањето за законите, синдикатот и министерството ќе имаат дополнителни средби за разговори и нови предлози за подобрување на содржината на двата закони.




Прес конференција

Во рамките на средбата се одржа и прес конференција на која се обрати Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски и Министерот за информатичко општество и администрација, г. Иво Ивановски.

„Имаме и предлог забелешки кои се поврзани со поразработената постапка околу оценувањето и казнувањето. Преговорите околу вакните забелешки ќе продолжат со МИОА со цел да утврдиме предлози на закони кои ќе бидат во функција“ - рече Митревски.

„Со новите закони нема да има урамнување на платите на вработените во администрацијата и во јавниот сектор, за што во последно време имаше многу шпекулации. Ќе се формира Каталог на работни места кој јасно ќе ги стандардизира истите и во јавниот сектор и во администрацијата и тој ќе претставува основа за креирање на сите работни места“ - рече Ивановски.

# Продолжуваат разговорите по Предлог -забелешките и мислењата на синдикатите од јавниот сектор по однос на Предлог –законот за вработените во јавниот сектор и Предлог-законот за административни службеници



Претседателите на синдикатите од јавниот сектор – здружени во ССМ и претставниците од Министерството за информатичко општество и администрација

10.01.2014

Претседателите на синдикатите од јавниот сектор – здружени во ССМ, Тихомир Климовски, претседател на Македонски полициски синдикат, Љубиша Каранфиловски, претседател на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ, Ристо Ајтов, претседател на Синдикатот на одбраната и безбедноста, Зоран Георгиевски, претседател на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално - станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ, предводени од претседателот на ССМ д-р Живко Митревски воедно и претседател на Синдикатот на работниците од шумарство, дрвна индустрија и енергетика на РМ, ги продолжија разговорите во Министерството за информатичко општество по однос на Предлог-законот за вработените во јавниот сектор и Предлог-законот за административни службеници со министерот за информатичко општество и администрација м-р Иво Ивановски и заменик-министерот Марта Арсовска- Томовска.

На состанокот синдикатите ги образложуваа дополнителните предлог-забелешки и мислења по однос на законите, по однос на повеќе прашања, а особено околу прашањата поврзани со постапките околу оценувањето, постапката околу казнувањето, системот на кариера и други прашања за кои претходно беше договорено да бидат доставени и конкретни забелешки.

Учесниците на работниот состанок се договорија и во понеделник на 13.01.2014 година, да продолжат со разговорите околу предлозите и забелешките.

# МИНИМАЛЕЦОТ ДА РАСТЕ ЗАЕДНО СО ТРОШОЦИТЕ ЗА ЖИВОТОТ

Интервју на Претседателот на ССМ д-р Живко Митревски
весник - Нова Македонија, 14.01.2014

## ССМ бара измени во Законот за минимална плата

Промена на начинот на пресметка на минималната плата правопропорционално со трошоците на животот бара Сојузот на синдикатите на Македонија. Сегашниот начин на пресметка не ги вклучува инфлацијата и порастот на цените на производите, што, според синдикалците, може негативно да се одрази на стандардот на граѓаните што примаат минимална плата.

- Минималната плата треба редовно да се приспособува за да се одржи куповната моќ на засегнатите работници, особено во услови на зголемување на цените, за да се избегнат поголеми потреси на економијата. При утврдувањето на минималната плата, мора да се има предвид дека индексот на потрошувачки цени (ИПЦ) ги одразува цените за просечниот потрошувач. При брзо зголемување на цените на храната, кај ИПЦ се потценува зголемувањето на цените на стоките и услугите што ги купуваат примателите на минимална плата - вели Живко Митревски, претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ).

Од синдикатот додаваат дека при пресметување на минималецот треба да се вклучат и други елементи, како границата на сиромаштија. Според постојниот закон, минималната плата се пресметува како процент од просечната бруто-плата во Македонија (39,6 отсто) и изнесува 8.050 денари, или 131 евро.

Ваквиот начин на пресметка се покажува како недоволен, бидејќи не го овозможува посакуваното зголемување на минималната плата. Наместо секоја година минималната плата да го следи зголемувањето на цените и на трошоците на животот, се случува спротивното. Вредноста на минималната плата се обезвреднува и се намалува куповната моќ на вработените што ја примаат оваа плата. Немаме критериуми на приспособување што ги имаат земјите во Европа и во регионот - истакнуваат од синдикатот.

## Поголема куповна моќ

Извештаите на Државниот завод за статистика во последниве месеци покажуваат пораст во повеќе индустриски области. Индустриското производство во периодот јануари-ноември 2013 година, во однос на истиот периодот 2012 година, изнесува 2,6 отсто, а регистриран е и пораст на бројот на работниците во индустријата. Овие економски показатели, како и најавите за зголемување на странските директни инвестиции и намалување на невработеноста, се дел од причините поради кои синдикатот смета дека има простор за пораст на минималната плата.

**Мораме да почнеме да размислуваме и да се бориме платите да не ја губат вредноста. Порастот на платите да не биде резултат само на продуктивноста туку примањата да растат со порастот на цените и трошоците на животот. Треба да напоменеме дека повисоките плати и подобрата куповна моќ на населението придонесуваат за пораст на домашната потрошувачка и на економијата во државата - додаде Митревски.**

## И стопанствениците бараат повисок минималец

Претставниците на Стопанската комора на северозападна Македонија од Министерството за труд и социјална политика пред истекот на 2013 година побараа минималната плата од 8.050 денари да се зголеми на 20.000 денари.

- Бараме приближување до реалните потреби на граѓаните. Минималната плата е толку ниска што со неа не може да се преживее. Време е нешто да се направи на ова поле, бидејќи минималната плата прави нереална слика за состојбите. Доколку сме реални, ќе признаеме дека никој не може да преживее со минималецот - рече претседателот на комората Мендерес Кучи.

Ставот го застапуваат сите членови на комората, а претседателот посочи дека 20 илјади денари е плата што членките веќе им ја исплаќаат на вработените.

**Минимална плата/во евра**

| | |
|---|---|
| - Македонија 131€ | - Албанија 147€ |
| - Бугарија 154€ | - Босна и Херцеговина 163€ |
| - Србија 184€ | - Хрватска 395€ |
| - Словенија 592€ | - Грција 443€ |

# Усогласени повеќе одредби за предлог-административните закони помеѓу ССМ, КСС и Министерството за информатичко општество и администрација



Работна средба - ССМ и претставници на синдикатите од јавен сектор во Министерството за информатичко општество и администрација

15.01.2014

Синдикатите од јавниот сектор здружени во ССМ (Македонски полициски синдикат со претседателот Тихомир Климовски воедно и потпретседател на синдикатите за јавен сектор и Синдикатот за здравство, фармација и социјална заштита претседател Љубиша Каранфиловски) предводени од претседателот на ССМ д-р Живко Митревски денес оствариja нова работна средба со Министерството за информатичко општество и администрација.

На состанокот беа разгледувани предлозите на синдикатите по однос на Предлог-Законот за административни службеници и Предлог-Законот за вработените во јавен сектор.

Како што соопшти министерот Иво Ивановски, постигната е согласност да се даде можност определени одредби од предлог-законите да се допрецизираат и доуредат со колективните договори. Дополнително, во делот на оценувањето на административните службеници, заради поголема транспарентност на постапката, се формира комисија која го спроведува оценувањето, и во која учествува и административен службеник, претставник на синдикалните организации, во оние институции во кои постојат синдикати. Исто така, договорено е, претставник на синдикалните организации, во оние институции во кои постојат синдикати, да учествува и во комисиите кои ги спроведуваат дисциплински постапки за дисциплински престап.

„Усвоен е и предлогот на синдикатите да се намали учеството на оценката на претпоставениот во вкупната оценка од 75 на 65%, и на тој начин да се зголеми учеството на колегите, соработниците, односно странките на административниот службеник, со што би се намалила субјективноста во оценувањето” - рече министерот Ивановски.

Тој напомена дека е постигнат и договор за начинот на кој ќе се врши наградувањето на административните службеници кои особено се истакнале во својата работа, кои ќе добијат бонус во висина „на последно исплатената плата”, со што се надминува можноста од субјективност при определувањето на висината на наградата, затоа што основното решение предвидуваше бонус во висина „до една плата”.

„Исто така, дополнителни отстапки се направени во поглед на износот и времетраењето на намалувањето на плата за слаб учинок. Имено, процентуалното зафаќање во платата, за службениците кои делумно задоволуваат, од 30% се намалува на 20%, односно за останатите најниско оценети службеници, од 20% на 10%. Истовремено, времетраењето на периодот во кој се намалува платата, од една година, се скратува на шест месеци“- потенцира Ивановски.

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Живко Митревски, потврди дека нивните предлози и забелешки се прифатени во најголем дел по однос на двата предлог-закона.

„Со прифаќањето на предлогот синдикален претставник да учествува во постапката за оценување на работата на административните службеници, како и со учеството на синдикатот во дисциплинската постапка, веќе можеме да зборуваме за транспарентен процес кој ќе ги анулира субјективните моменти“- додаде Митревски.

Синдикатите од јавниот сектор здружени во ССМ преку прифаќањето на предлозите и забелешки по однос на законите уште еднаш докажаа и покажаа дека ги остваруваат своите цели во заштита на правата и интересите на своето членство.

Синдикатите од јавниот сектор здружени во ССМ уште еднаш докажаа дека нема неединство во синдикатите, а дека неучеството во преговорите на претседателот на синдикатот на УПОЗ на РМ е лоша проценка која не е во интерес на членството.

Останува фактот, дека преговарањето и социјалниот дијалог е незаменлива алатка на социјалните партнери а посебно на синдикатите во остварувањето на интересите на членството.

## Одржана прес конференција на двата репрезентативни синдикати ССМ и КСС со Министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов



Претседателот Митревски на денешната прес конференција

21.01.2014

Во Сојузот на синдикатите на Македонија се одржа прес конференција на која присуствуваа Министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски и В.Д. Претседателката на КСС, Виолетка Спасевска. На прес конференцијата исто така присуствуваа и Претседателот на Македонскиот полициски синдикат, Тихомир Климовски, Претседателот на самостојниот синдикат за енергетика и стопанство, Роберт Симоноски, Претседателот на самостојниот синдикат на здравство, фармација и социјална заштита, Љубиша Каранфиловски и Претседателот на синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање, Павел Трендафилов.

На прес конференцијата претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ), д-р Живко Митревски, истакна дека со предвидената динамика платите ќе растат побрзо од трошоците на живот кои се зголемени за 3,3%. Исто така беше истакнато дека на барање на Сојузот на синдикатите на Македонија се постигна согласност за зголемување на минималната плата и во итна постапка ќе бидат донесени измени и дополнувања на Законот за со што истата ќе биде етапно зголемена, а започнувајќи од март 2014 година минималната плата ќе изнесува 8.800 денари, што значи зголемување од 9,32%. Во март 2015 година износот на минималната плата ќе биде зголемен за 8,98% што истата ќе изнесува 9.590 денари, за во март 2016 година минималната плата да биде повисока за 25,22% од сегашната и ќе изнесува 10.080 денари, додека пак во секторите текстил, кожа и чевли во 2016 година ќе имаат зголемување од 31,21%, а во 2018, кога ќе се изедначат со другите вработени, платата ќе им биде за 46,96% поголема од таа што ја примале во 2012 година кога почна примената на Законот за минимална плата.

Претседателот на ССМ, Живко Митревски, истакна дека на почетокот на исплатата на минималната плата отстапување од законски утврдената сума било забележано кај 15% од работниците, а за да се избегнат овие појави договорено е во контролата на исплата на платите да се вклучат и синдикалците во фирмите, а со тоа и најави и потпишување на Протокол со Министерството за труд и социјална политика.

Измените на Законот за минимална плата со кои се предвидува етапно зголемување на најниските примања во државата до 10.080 денари се веќе изготвени и за седум дена ќе ги разгледува Економско-социјалниот совет, истакна министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов.

Она што беше потенцирано од Министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски и В.Д. Претседателката на КСС, Виолетка Спасевска е дека работодавачите ќе бидат обврзани да ја зголемат минималната плата, за што ќе следат контроли бидејќи социјалните партнери се цврсто посветени овој Закон да се применува целосно.

Од страна на Претседателот на ССМ уште еднаш беше потенцирано дека зголемувањето на минималната плата компарирано со периодот пред нејзиното донесување кога платите се движеа од 4.500-5.500 денари е огромна придобивка на синдикалното движење.

# Зградата на ССМ ќе стане тренинг центар со сместувачки капацитети

23.01.2014

Интервју на д-р Живко Митревски за СИТЕЛ телевизија

Дел од зградата на ССМ ќе биде синдикален тренинг центар. Претседателот Живко Митревски вели дека во испразнетите деловни простории ќе се оформи простор за сместување на синдикалците за време на реализација на одреден проект или обука. Одлуката веќе е донесена и по реализацијата на идејата, средствата наместо по приватни хотели ќе се слеваат во касата на Сојузот на синдикати.
Центарот за обука и едукација ќе овозможи модерен пристап во едукацијата и кадровската политика. Овој центар ќе обезбедува и соодветно сместување како и програми за едукација и доквалификација.
Уставните судии и јавните обвинители кои беа и најголеми кирајџии со простор и месечен надомест си замина поради вселување во сопствен објект. Сега синдикатот кој е сопственик на зградата и одговорен за нејзино одржување има проблем при плаќањето на давачките за нејзино одржување.
Митревски вели дека синдикалната каса ја затекнал со 30 милиони денари долг и хипотекарен кредит долгови кои во моментов биле подмирени. Сега по примерот на колегите од Европа ќе се обиде институционално да го зајакне синдикалното движење и со своите објекти низ државава да работи профитабилно и да остварува дополнителен приход.

# Се одржа XX-тата седница на Економско – социјалниот совет



Седницата на Економско – социјалниот совет

27.01.2014

Во МТСП се одржа XX-тата седница на Економско – социјалниот совет, на која се распраbase за Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата од 2000 до 2004 година и Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија.
По однос на овие закони ССМ даде целосна поддршка.

На состанокот на Економско – социјалниот совет од страна на ССМ беа присутни членовите на ЕСС, претседателот на ССМ д-р Живко Митревски и претседателот на СИЕР Пеце Ристевски.

# Одржана Прес конференција во Владата на РМ во врска со постигнатиот договор за зголемување на минималната плата



Прес конференција на социјалните партнери

28.01.2014

Во Владата на РМ се одржа прес конференција на која учествуваа Заменик на Претседателот на Владата и Министер за финансии, Зоран Ставревски, Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, Владимир Пешевски, Министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, Претседателот на ССЕСМ, Роберт Симоноски, Претседателот на синдикатот на здравство, фармација и социјална заштита, Љубиша Каранфиловски, В.Д. Претседателката на КСС, Виолетка Спасевска, Претседателот на Организацијата на работодавачи, Ангел Димитров и претставник од Бизнис Конфедерацијата на Македонија.

Присуствуваме на историски успех на градење на социјален консензус и социјален дијалог во РМ помеѓу социјалните партнери од кој како конкретен резултат произлезе договорот за зголемување на минималната плата во РМ. Денес во услови на тешка криза успеавме да се договориме да ја зголемиме минималната плата за 25,22% за сите дејности, а за секторите текстил, кожа и обувки за 46,96%. Зголемувањето на минималната плата компарирано со периодот пред нејзиното донесување кога платите се движеа од 4.500 до 5.500 денари е огромна придобивка на синдикалното движење, истакна Претседателот Митревски. Исто така тој изјави дека ова претставува поттик за социјалните партнери на конкретен начин да придонесат за градење на тој социјален консензус за излегување од кризата и да обезбедат конкретни чекори за обезбедување на подобар стандард на работниците во РМ.

По долги години минималната плата стана реалност во РМ и тоа покажува дека резултатот од тој дијалог е всушност подобрување на животниот стандард на работниците на одржлив начин, начин на кој што работодавачите и претпријатијата можат да го издржат и да продолжат со остварување на позитивни резултати, истакна Заменик на Претседателот на Владата и Министер за финансии, Зоран Ставревски.

Исто така тој се заблагодари од името на Владата на РМ на Сојузот на синдикатите на Македонија и на Конфедерацијата на слободни синдикати за досегашната одлична соработка, како и на Организацијата на работодавачи на Македонија и Бизнис Конфедерацијата на Македонија како претставници на работодавачи и смета дека остварените резултати во кои што круна претставува последниот договор за зголемување на минималната плата покажува дека тоа е вистинскиот пат по кој што треба да се продолжи, а тоа е пат на дијалог помеѓу владата, синдикатите и работодавачите.

Во март 2014 година минималната плата ќе изнесува 8.800 денари, што значи зголемување од 9,32%, во март 2015 година износот на минималната плата ќе биде зголемен за 8,98% што истата ќе изнесува 9.590 денари, за во март 2016 година минималната плата да биде повисока за 25,22% од сегашната и ќе изнесува 10.080 денари, додека пак во секторите текстил, кожа и чевли во март 2014, 7.500, март 2015, 8.050 денари, додека во март 2016 година таа ќе изнесува 9.000 денари. Во март 2017 ќе изнесува 9.590 денари, а во март 2018, 10.080 денари колку што е општиот износ на минимална плата во останатите сектори. Ова ќе придонесе за поголема мотивираност и подобар живот на вработените во дејностите споменати, но и во останатите дејности во кои се прима најниската плата во РМ и ќе се оствари на начин кој што е одржлив за работодавачите, истакна Ставревски.

Договорот за зголемување на минималната плата претставува значаен чекор за работниците во заштита на нивните права како и за унапредување на нивниот стандард, изјави Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, Владимир Пешевски. Овие решенија се изработени во директна консултација со синдикатите и работодавачите и ги има поминато сите инстанци вклучувајќи го и ЕСС како тело кое со заедничките напори ја доби својата полна суштина, видливост, ефикасност и ефективност.

# Регионални синдикални претставништва и синдикални канцеларии

## Регионално синдикално претставништво Тетово

Во основниот суд Тетово на 9.01.2014 година се одржа седница на Одборот на доверители на АД ПОЛЕТ-Тетово во стечај во врска со напаствијата на Апелациониот суд Гостивар, за понатамошниот тек на стечајната постапка за побрзо заклучување на истата.

## Регионално синдикално претставништво Делчево

Остварена средба со вработени од ГД „Гранит“ АД- Скопје,ОЕ 11-то градилиште Делчево кои бараа информации и појаснувања околу најавениот Закон за обесштетување на работниците на кои им престанал работниот однос заради стечај,ликвидација и технолошки вишок. Укажана е правна помош на вработени во АД „Палтекс“и „Гоце Делчев“ РЕ „М.М. Брицо“ -Делчево

## Регионално синдикално претставништво Куманово

Состанок со вработени членови во Агенцијата за вработување, во врска со новата систематизација и прераспоредувањето на работни места, зачленувања на нови членови во синдикатот на УПОЗ, за што беше и информиран и претседателот на УПОЗ, г. Пецо Грујовски. Остварени контакти и средби со вработени во Тутунски Комбинат Куманово околу исплатата на паричниот надомест како и доцнењето на истиот,изготвување жалби за периодот за кој не е исплатено. Средби со членови на синдикатот во Фабриката за заварени цевки и профили исто околу доцнењето на исплатата на паричниот надоместок. Разговори со вработените во сообраќајното претпријатие Југ -турист околу зачленувањето во синдикатот и формирање на синдикална организација заради остварување на нивните права преку потпишување на колективен договор од причина што се менува сопственикот на претпријатието. Протести од стечајни работници пред просториите на синдикалното претставништво во врска со законот во најава за обесштетување на стечајните работници. Работна посета на претседателот на Советот на ССМ, д-р Живко Митревски и Секретарот Анѓелко Анѓелковски.

## Синдикална канцеларија Струмица

На 17.01.2014 година во с.Далиле-Струмица се одржа состанок со претседатели од повеќе здруженија на индивидуални земјоделски производители и индивидуални земјоделци,на кој состанок беше присутен и претседателот на АГРО синдикатот, г-ин Живко Даневски.Целта на состанокот и средбата беше зачленување во матичниот синдикат.

## Синдикална канцеларија Гостивар

Со помош на секретарот на РСП Тетово, Трифун Цветковски и правниот застапник Новица Алексиевски, се формира нова синдикална организација во Апелациониот суд Гостивар.На конститутивната седница беше избран претседател и потпретседател, за што беше и информиран и претседателот на синдикатот на УПОЗ, г -ин Пецо Грујовски.

Сојуз на синдикатите на Македонија
ул. „12-та Ударна Бригада“бр. 2а, 1000 Скопје
контакт тел. 02 3161374, 02 3225 937